Република Северна Македонија
КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА

КСЗД

Republika e Maqedonisë së Veriut
KOMISIONI I PARANDALIMIT DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI

Архивски број: 08-444/8
Датум: 05-10-2023

Постапувајќи по претставката бр. 08 – 444/1 од 28.07.2023 година, поднесена од [redacted] од Гостивар, со живеалиште на [redacted] за сторена дискриминација во областа на работата и работните односи од страна на Министерството за финансии на Република Северна Македонија, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација врз основа на член 21, став 1, точка 14 и член 27, став 1 од Законот за спречување и заштита од дискриминација (Сл. Весник на РСМ бр. 258/2020) на 04.10.2023 година, го донесе следното

## МИСЛЕЊЕ

**НЕ СЕ УТВРДУВА ДИСКРИМИНАЦИЈА** во областа на работата и работните односи од страна на Министерството за финансии на Република Северна Македонија кон [redacted].

## Образложение

На 28.07.2023 година до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација беше доставена претставка со архивски број 08 – 444/1, од страна на [redacted] против Министерството за финансии на Република Северна Македонија, за сторена дискриминација во областа на работата и работните односи.

[redacted] (во продолжение: подносителка на претставката) е вработена во НУ Музеј на тетовски крај – Тетово, 28 години, на работно место кустос – етнолог. Според скалата на стручни звања (кое се стекнува по извршена работа и работен стаж), подносителката појаснува дека од носителка на дејноста кустот, во 2007 година преминала во Виш кустос, за што ѝ следела незначителна парична надокнада. Во јуни 2022 година подносителката се здобила со звање Кустос советник, но тврди дека една година по добивање на решението, Министерството за финансии не ѝ одобрува парична надокнада. Според подносителката таквата парична надокнада ѝ следува според бодовната скала и Колективниот договор за култура, кој е потпишан од страна на Министерството за култура и СОНК. Подносителката тврди дека стручните звања биле финансиски поддржани до март 2022 година, додека од наредниот период Министерството за финансии поради немање на финансиски средства повеќе не ги исплатува. Подносителката наведува дека на тој начин е финансиски оштетена помеѓу [redacted] месечно, што за неа предизвикало немоќ, безвредност, непотребност, безначајност, односно емоционална, духовна и интелектуална празнина. Подносителката тврди дека на овој начин ѝ се повредени работничките и социјалните права, со што кон неа е извршена дискриминација.

КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА
KOMISIONI I PARANDALIMIT DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI
ул. Даме Груев 1, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Dame Gruev 1, 1000 Skopje, Republic of North Macedonia
+389 23232368;
+389 23216892
www.kszd.mk
contact@kszd.mk

Комисијата за спречување и заштита од дискриминација заради одлучување по претставката, согласно член 24 став 2 од Законот за спречување и заштита од дискриминација испрати Барање за доуредување на претставката со бр. 08 – 444/2 до подносителката на претставката, со кое ја задолжи да ја доуреди претставката во насока што ќе ја наведе адресата на живеење и дискриминаторската основа.

На 14.08.2023 година до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација беше доставен поднесок за доуредување на претставката од [redacted] со бр. 08 – 444/3. Во поднесокот подносителката ја навела нејзината адреса на живеење, а во однос на дискриминаторска основа навела: човекови права, работнички права, социјални права, национални права. Во однос на последното, навела дека таа не е единствената на која не ѝ е валоризирано звањето, но верува дека во скоро сите слични случаи како нејзиниот, се работи за вработени од неалбанско етничко потекло.

Комисијата за спречување и заштита од дискриминација, согласно член 24, став 7 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, на 14.08.2023 година испрати Барање бр. 08 - 444/4 за произнесување по наводите од претставката до посочениот дискриминатор – Министерство за финансии на Република Северна Македонија. Со Барањето дополнително беше побаран одговор на следните прашања:

- Дали Министерството за финансии, согласно член 65 и 66 од Колективниот договор за култура (Сл. Весник на Р. Македонија 10/2020 од 16.01.2020 и 21/2020 од 30.01.2020) дозволува исплата на плата за стручните соработници во заштитата на културното наследство со звање КУЛ 03 04 ДО1 002 – кустос советник, во висина на коефициент 2.584? и
- Доколку да, дали ваквата исплата се дозволува за сите споменати соработници во заштитата на културното наследство со звање КУЛ 03 04 ДО1 002 – кустос советник, во сите музеи во државата?

На 05.09.2023 година до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација стигна поднесок за произнесување по предметната претставката со бр. 08 – 444/5 од Министерството за финансии на Република Северна Македонија. Во поднесокот за произнесување се истакнува дека согласно одредбите од Законот за буџетите (Сл. Весник на Република Македонија бр. 64/2005, 4/2008, 103/2008, 156/2009, 95/2010, 180/2011, 171/2012, 192/2015 и 167/2016 и Сл. Весник на Република Северна Македонија бр. 151/2021), единки корисници се корисници од втора линија кои се финансираат преку соодветниот буџетски корисник, односно во конкретниот случај преку буџетскиот корисник Министерство за култура. Поради тоа ѝ укажаа на Комисијата за спречување и заштита од дискриминација дека Барањето за произнесување по наводите од претставката потребно е да го прати до Министерството за култура, со цел да се произнесе согласно своите надлежности.

На 07.09.2023 година Комисијата за спречување и заштита од дискриминација испрати Барање за произнесување со бр. 08 – 444/6 до Министерството за култура на Република Северна Македонија.

На 02.10.2023 година до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација стигна поднесок за произнесување по предметната претставката со бр. 08 – 444/7 од Министерството за култура на Република Северна Македонија. Во поднесокот за произнесување се појаснува дека стекнувањето на стручно звање е основ за унапредување на стучниот работник на повисоко работно место.[1] Понатаму појаснуваат дека за стекнување на стручно звање на вработени во установите од областа на културата, министерот за култура носи решение за избор врз основа на предлог даден од Рецензионата комисија за избор и реизбор во стручно звање во соодветната област. Од друга страна пак, согласно член 51 од Законот за буџетите буџетските корисници и единките корисници на средства од Буџетот на Република Северна Македонија можат да вработуваат и пополнуваат испразнети работни места само под услов, ако за тоа се обезбедени средства во Буџетот на Република Северна Македонија. Оттука, Министерството за култура за [redacted] во текот на 2022 и 2023 година доставило барања до Министерството за финансии за обезбедување на согласност за унапредување на стручниот работник на повисоко работно место. Министерството за финансии на овие барања одговорило негативно со допис бр. 18 – 8639/2 од 28.09.2022 година и допис бр. 18 – 4433/2 од 06.04.2023 година. За потврда на изнесените тврдења, Министерството за култура во прилог на поднесокот за произнесување достави:

- Допис бр. 40 – 8755/2 од 11.08.2022 година на Министерството за култура;
- Допис бр. 18 – 8639/2 од 28.09.2022 година на Министерството за финансии;
- Допис бр. 40 – 8755/4 од 05.10.2022 година на Министерството за култура;
- Допис бр. 40 – 3183/2 од 15.03.2023 година на Министерството за култура;
- Допис бр. 18 – 4433/2 од 06.04.2023 година на Министерството за финансии и
- Допис бр. 40 – 3183/4 од 12.04.2023 година на Министерството за култура.

Од сето горенаведено, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација утврди дека не е сторено веројатно тврдењето на подносителката за сторена дискриминација. За да премине товарот на докажување од подносителката на претставката кон потенцијалниот дискриминатор, таа требала да изнесе факти со кои ќе направи веројатно дека дискриминација би можела да биде извршена. Конкретно, подносителката првично требала да докаже дека постои каузална врска помеѓу дискриминаторска основа и повредата, односно штетата што ѝ е нанесена, а потоа

[1] Чл. 39 од Закон за музеите (Службен В. на Р.М. бр. 66/04; 89/08; 116/10; 51/11; 88/15; 152/15 и 39/16), чл. 47 од Законот за библиотеките (Службен В. на Р.М. бр. 66/04; 89/08; 116/10; 51/2011; 88/15; 152/15 и 39/16), чл. 36 од Законот за аудиовизуелни добра (Службен В. на Р.М. бр. 103/08; 47/11; 51/11; 154/15 и 39/16) и чл. 164 од Законот за заштита на културното наследство (Службен В. на Р.М. бр. 20/04; 71/04; 115/07; 18/11; 148/11; 23/13; 137/13; 164/13; 38/14; 44/14; 199/14; 104/15; 154/15; 192/15; 39/16; 11/18)


ул. Даме Груев 1, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Dame Gruev 1, 1000 Skopje, Republic of North Macedonia
+389 23232368;
+389 23216892
www.kszd.mk
contact@kszd.mk

помеѓу понеповолното постапување кон неа и настанатата повреда. **Од утврдената фактичка состојба произлегува дека во случајот не постојат индиции што укажуваат на тоа дека неодобрувањето на финансиски средства за унапредувањето на подносителката се должи на некоја нејзина заштитна карактеристика (дискриминаторска основа).** Оттука произлегува дека не постои каузалност помеѓу дискриминаторска основа и повредата. Воедно, во случајот не е наведен компаратор, односно лице кое се наоѓа во иста или споредлива ситуација со подносителката, од каде би можел да се увиди нееднаквиот третман спрема подносителката при унапредувањето на вработените во областа на културата. Од овде не може да се заклучи дека со неодобрување на унапредувањето на подносителката потенцијалниот дискриминатор постапил понеповолно кон неа, за разлика од останатите вработени во областа на културата.

При така констатирана состојба, **во недостаток на повреда на право врз дискриминаторска основа и понеповолен третман, не може да стане збор за дискриминација**. Оттука произлегува дека не е исполнета законската **дефиниција за дискриминација од член 6 од Законот за спречување и заштита од дискриминација:**

*„Дискриминација е секое **разликување, исклучување, ограничување или давање првенство што се заснова на дискриминаторска основа**, со сторување или несторување, што имаат за цел или резултат спречување, ограничување, признавање, уживање или остварување на правата и слободите на одредено лице или група **на еднаква основа со други**. Ова ги опфаќа сите форми на дискриминација вклучително и оневозможување на соодветно приспособување и оневозможување на пристапност и достапност на инфраструктурата, добрата и услугите.“*

Заради горенаведеното Комисијата за спречување и заштита од дискриминација, согласно своите надлежности одлучи како во диспозитивот на мислењето дека во конкретниот случај не е сторена дискриминација во областа на работата и работните односи од страна на Министерството за финансии на Република Северна Македонија кон [redacted]

Скопје,
04.10.2023 година

Комисија за спречување и заштита од дискриминација

Претседател
Исмаил Камбери

Доставено до:

- [redacted]
- Министерство за финансии со седиште на ул. „Даме Груев“ бр. 12, Скопје
- Министерство за култура со седиште на ул. „Ѓуро Ѓаковиќ“ бр. 61, Скопје